Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-67/2

17-01-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 67/1 од 12.01.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] од Скопје за извршено сексуално вознемирување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 17.01.2023 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**за отфрлање на претставка заради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од сексуално вознемирување, заведена под бр. 08 – 67/1 од 12.01.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] од Скопје **заради ненадлежност.**

*Образложение*

На 12.01.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од сексуално вознемирување, заведена под бр. 08 – 67/1 од 12.01.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] од Скопје.

По разгледувањето на претставката, ве информираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, согласно чл. 10, ст. 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, сексуално вознемирување е каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Наведените дејства во претставката, преземени од потенцијалната дискриминаторка во смисла ширење евентуални невистини за подносителката, не претставуваат сексуално вознемирување во смисла на чл. 10, ст. 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку подносителката смета дека со произнесувањето невистинити тврдења за факти се врши штета за нејзините чест и углед, Комисијата ја упатува подносителката да поведе судска постапка за утврдување одговорност за клевета, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
17.01.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери